03-40/5
15.12. 22

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), а по овластување на ВД Директорот на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар, согласно Решение број 01-61/4 од 21.01.2022 година, постапувајќи по Барањетото за пристап до информации од јавен карактер изјавено од , по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 15.12.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од ıоднесено до Општина Центар-Скопје, препратено до ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар како имател на информации заведено под бр. 03-40/3 од 28.11.2022 година **СЕ УВАЖУВА**.
2. ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар позитивно одговара на Барањето и го информира барателот дека поднесеното барање претставува барање за пристап до информации од јавен карактер.

***Образложение***

на 25.11.2022 година, до Општина Центар поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, препратено до ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар како имател на информации, заведено во архивата на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар под бр. 03-40/3 од 28.11.2022 година, со кое побара преку е-маил да му биде доставена следната информација:

1. Број на ученици во основно образование кои се жители на други општини а следат настава во Општина Центар (разложено по училиште во кое учат и по општина од која доаѓаат).

Постапувајќи по ова Барање за пристап до информации од јавен карактер, ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар Ве информира за следното:

1. Под т.1 – ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар Ви доставува табеларен приказ на состојбата на број на ученици во ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар кои се жители на други општини а следат настава во училиштето, кој е составен дел на одговорот на ова Барање

Согласно погоре наведеното, ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Решено во ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар на 15.12.2022 година, под бр.03-40/5.

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Мерлина Русева

Доставено до:
- архива на ООУ „11 Октомври" – Скопје, Центар
- барател на информацијата

Предмет : Информација за број на ученици кои следат настава во ООУ,,11 Октомври,, - Скопје,Центар , а кои

освен на општина Центар се жители и на други општини

03-40/5-1
15.12. 22

| Општина | Центар | Аеродром | Кисела Вода | Гази Баба | Чаир | Бутел | Сопиште | Илинден | Шуто Оризари | Карпош | Ѓорче Петров | Сопиште | Чучер Сандево | Зелениково |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ученици по општини | 259 | 163 | 68 | 22 | 21 | 12 | 3 | 5 | 6 | 10 | 6 | 3 | 3 | 1 |
| Вкупно | **259** | **323** | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно ученици | **582** | | | | | | | | | | | | | |